РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Бр. 25-8974/3
30.12.2010 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08), член 62 став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08) и член 24 став (2) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105/10), постапувајки по барањето на Д.П.Т.Т.У. ЗЃИМИ КОМПАНИ Касам ДООЕЛ експорт-импорт с.Пороj – Тетово, бр.25-8974/1 од 15.12.2010 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ на правното лице за технички преглед** Д.П.Т.Т.У. ЗЃИМИ КОМПАНИ Касам ДООЕЛ експорт-импорт с.Пороj - Тетово, **за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за група на категорија** $M_1$, $N_1$, $O_1$ **и** $O_2$, согласно член 24 став (3) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата

Образложение

Д.П.Т.Т.У. ЗЃИМИ КОМПАНИ Касам ДООЕЛ експорт-импорт с.Пороj – Тетово, до Министерството за економија поднесе барање за овластување за правно лице за технички преглед за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата за група на категорија $M_1$, $N_1$, $O_1$ и $O_2$, согласно член 24 став (1) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата. Кон барањето се поднесени следните документи согласно членовите 16, 17 и 18 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата: Решение за овластување за вршење на правното лице, Д.П.Т.Т.У. ЗЃИМИ КОМПАНИ Касам ДООЕЛ експорт-импорт с.Пороj – Тетово да врши технички преглед на моторни возила и приклучни возила, трактори и земјоделски трактори, бр.19.11.1-13042/3 од 16.04.2009 година издадено од Министерство за внатрешни работи – Сектор за управно-надзорни работи од Скопје; Изјава за деловен простор и опрема заверен на нотар бр.УЗП3948/10 од 20.12.2010 година во Тетово; копии од обрасците М1/М2 за: дипл. маш. инг. Перица Тодоровски со Потврда за положен стручен испит бр.25-6760/2, маш. техничар Феџри Адеми со Потврда за положен стручен испит бр.25-6761/2 и маш. техничар – Светислав Вучевски со Потврда за положен стручен испит бр.25-6759/2; доказ за склучен договор за осигурување - Полиса бр.130010001568 од 21.12.2010 година; и Внатрешни процедури за обезбедување на квалитет во постапките на работа.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила и Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 62 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/2010 и 145/2010) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** : незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

*МИНИСТЕР,*
*Фатмир Бесими*